# ЗАПИСНИК

## од втората седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 26 април, 2018 г.

**ЗАПИСНИК**

од 2-ра седница на Надзорен одбор на ЗЕЛС

ц.Александар Палас, Скопје, 26 април, 2018 г.

**Присутни**: **Илија Јовановски**, градоначалник на општина Прилеп и претседател на Надзорниот Одбор на ЗЕЛС, **Борче Митевски**, градоначалник на општина Петровец, **Соња Стаменкова**, градоначалник на општина Македонска Каменица, **Еркан Арифи**, градоначалник на општина Липково, **Коле Чаракчиев**, претседател на Совет на општина Радовиш.

Членовите на Надзорниот одбор на ЗЕЛС го усвоија и расправаа по следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Годишниот и Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2017 година;
2. Разно.

ПРВА ТОЧКА: Усвојување на Годишниот и Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2017 година;

Информција за содржината на наративниот извештај, даден на членовите во форма на публикација каки и за финансискиот извештај даде Извршниот директор на ЗЕЛС која ја образложи структурата на истиот и даде појаснување за обемот на расходите и приходите и нивната намена. Беше истакнато дека ЗЕЛС во текот на 2017 година имаше намален обем на активности заради одржаните локални избори но и претходно поради вонредните политички околности во Републиката.

Генерален Заклучок е дека во текот на 2017 година ЗЕЛС остварил расход од 15 милиони денари од кои најголем дел, во висина од 9 милиони денари, по основ исплата на бруто плати, надоместоци и други примања на вработени, додека останатите средства во најголем дел се наменети за тековни оперативни трошоци за објектот и работата на администрацијата на ЗЕЛС како и за одржување на информациските системи со кои управува ЗЕЛС за потребите на општините вклучително и обезбедување на клауд платформа но и организирање конференции, семинари, обуки за општинската администрација но и членарини кон меѓународни организации каде ЗЕЛС членува.

Што се однесува до приходите, во текот на 2017 година остварен е приход од 16 милиони денари,  каде над 9 милиони се од членарина, 2 милиона од донации и повеќе од 4 милиони од пружање на услуги.

Во минатата година ЗЕЛС остварил прилично мал приход од членарина, како основен извор на приходи, а во врска со ова прашање се преземени и активности преку склучување на спогодби за исплата на долгот на општините на рати.

**Одлука:** Надзорниот одбор едногласно ја усвои содржината на Фодишниот и Финансикиот извештај на ЗЕЛС за периодот на 2017 година и на Генералното собрание му предлага да ги усвои на својата прва наредна седница

ТОЧКА РАЗНО:

По оваа точка на дневниот ред немаше дискусија.

**Скопје, 26.04.2017 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**